Совет на Општина Делчево
Број 09-293/2
13.02.2024 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 32.седница
на Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на на 13.02.2024 година, во Мултимедијалниот со почеток во 08:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Совет.

Отсутни немаше.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Гоце Попов, претседател на Советот кој за 32.седница го предложи следниот

Дневен ред

1.Предлог-Одлука за вршење на техничка исправка на Детален урбанистички план за ГП 5, Блок М од Детален урбанистички план Локалитет „Басарица“, Општина Делчево, бр.1843/98 (донесен со Одлука бр.07-561 од 03.09.1998);

Образлагач: Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.

2. Предлог-Одлука за измена на Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“ кои постигнале особено висок успех во учењето;

Образлагач: Ванчо Новоселски-Советник за образование и култура.

3.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект стоваришта за складирање на стока на отворен/затворен простор зграда бр.1 по барање на Мара Маневска и Елизабета Џабирска;

4. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект стоваришта за складирање на стока на отворен/затворен простор зграда бр.2 по барање на Мара Маневска и Елизабета Џабирска;

5. Прашања и предлози на членови на Совет;

Претседателот на Советот отвори расправа по дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, истиот беше усвоен

**Прва точка-Предлог-Одлука за вршење на техничка исправка на Детален урбанистички план за ГП 5, Блок М од Детален урбанистички план Локалитет „Басарица“, Општина Делчево, бр.1843/98 (донесен со Одлука бр.07-561 од 03.09.1998);**

Образлагач по ова аточка беше Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност кој рече дека со оваа одлука се врши техничка исправка на Детален урбанистички план за ГП 5. Блок М од Детален урбанистички план Локалитет „Басарица“, Општина Делчево тех.

бр. 1843/98 ( донесен со Одлука бр: 07-561 од 03.09.1998 година. )Техничката исправка на Детален урбанистички план за ГП 5. Блок М од Детален урбанистички план Локалитет „Басарица“, Општина Делчево. е со тех.бр 159/2023 од ноември 2023 г изработена од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија –Скопје. Станува збор за разлика во квадратурата на површините во Басарица, разлика од 3м2 која се јавува, ја има во планот, но не и во Одделението за катастер и затоа инвеститорот има проблем, односно не може да почне со градба. Предмет на техничката исправка е промена на нумеричките показатели за ГП бр. 5, Блок М, во табелите од текстуалниот и графичкиот дел од Планската документација на Детален урбанистички план Локалитет „Басарица“, плански период 1998-2003 година.

Во текстуалниот дел од Планската документација на Детален урбанистички план Локалитет „Басарица“, плански период 1998-2003 година, тех. бр. 1843/98, (т.бр. 1843/98 донесен со Одлука бр: 07-561 од 03.09.1998 година. ) и тоа:

Во табелите од ДУП Басарица со Нумерички показатели за Блок М, на стр. 28
- во ред 5 од табела за Блок М (параметри за ГП 5, Блок М), во колона 2 (Површина на градежна парцела) ознаката „443“ се заменува со „440 “.

- во ред 15 од табела за Блок М (вкупно Блок М), во колона 2 (Вкупно површина на градежни парцели во блок М) ознаката „5390“ се заменува со „5387“.

- во ред 2 од РЕКАПИТУЛАР, во колона 1 (Површина на блокови) ознаката „81933“ се заменува со „81930 “.

По донесувањето на оваа одлука од страна на Советот, истата ќе биде составен дел на самиот план.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за вршење на техничка исправка на Детален урбанистички план за ГП 5, Блок М од Детален урбанистички план Локалитет „Басарица“, Општина Делчево, бр.1843/98 (донесен со Одлука бр.07-561 од 03.09.1998);

**Втора точка- Предлог-Одлука за измена на Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“ кои постигнале особено висок успех во учењето;**

Образлагач: по точката беше Ванчо Новоселски-Советник за образование и култура, кој рече дека како што им е познато на советниците на една од претходните седници биле донесени одлука за доделување на стипендии на ученици и студенти во 4 категории. На една од категориите за студентски стипендии не се пријавиле доволен број, а во една од категориите за ученички стипендии се пријавиле 16 ученици за 8 стипендии. Со цел да не остануваат средствата кои биле планирани нераспределени и со цел сепоак да се помогне на учениците, комисијата која ги разгледала сите пријави и направила бодирање, предлага во Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“ Делчево кои постигнале особено висок успех во учењето, бр.09-2555/1 од 31.12.2023 година, во членот 1 став 1 да се изврши следната измена:

бројот 8 (осум) да се замени со број 16 (шеснаесет).

Претседателот орвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Едногласно со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена на Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“.

Третата точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект стоваришта за складирање на стока на отворен/затворен простор зграда бр.1 по барање на Мара Маневска и Елизабета Џабирска и **четвртата точка-**Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект стоваришта за складирање на стока на отворен/затворен простор зграда бр.2 по барање на Мара Маневска и Елизабета Џабирска, беа образложени од страна на Андријана Соколовска која рече дека овие две одлуки се однесуваат на ист барател, само станува збор за 2 објекта, зграда 1 и зграда 2. Имено ее утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-1431 од 29.08.2011 година, од страна на Мара Маневска ул.„Бул. Македонија“ бр.29/2-9 и Елизабета Џабирска ул.„Пере Тошев“ бр.23 - Делчево за бесправно изграден објект, Објект стоваришта за складирање на стока на отворен/затворен простор – означен во елаборат како зграда реден бр. 1 и 2 изграден на КП бр. 3771 КО Звегор вон Г.Р. м.в. Уме запишана во имотен лист бр. 500.Земјиштето и за двата објекти е приватна сопственост.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката 3 ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, истата беше усвоена.

На гласање беше ставена и четвртата точка.

Со 14 гласа „ЗА“ и оваа одлука беше донесена.

Петта точка- Прашања и предлози на членови на Совет.

Во врска со оваа точка за збор се јави

Иван Гоцевски, кој од име на Советничката група на ВМРО ДПМНЕ **,** постави неколку прашања до Градоначалникот на општина Делчево и тоа:

1. Бараме како Советничка група да ни ја доставите целокупната документација од основањето на Локалниот музеј „Пијанец“-Делчево во хартиена форма, сите измени кои се направени во Централен регистер, членови на Управен одбор, Статут на музејот, како и двете постапки за вработување на директор на истиот.

2. Дали Комисијата за утврдување на правен статус на бесправни објекти е валидна согласно член 5 од Законот кој гласи:

(1) По приемот на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект, комисија формирана од министерот кој раководи со органот надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот односно градоначалникот на единицата 7 од 26 на локалната самоуправа, ја утврдува фактичката состојба на самото место и составува записник за извршен увид на самото место со технички податоци за бесправниот објект и фотографии од истиот. (2) Комисијата од ставот (1) на овој член се состои од лица кои се вработени во општинската, односно државната администрација и истата е составена од три члена од кои најмалку еден со завршено

високо образование градежен инженер. (3) Формата и содржината на записникот за извршен увид на самото место од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

3. Бараме да ни ги доставите:

-сите решенија за легализација на бесправно изградени објекти од 2011 до денес;

-сите решенија за легализација на земјоделско земјиште;

-комплетна документација за сите промени на ГУП од 2017 до денес кои се финансирани од страна на општина Делчево;

- комплетна документација за сите промени на ГУП од 2017 до денес кои се финансирани од страна на приватни инвеститори;

-сите решенија издадени од страна на општина Делчево за сечење на секаков вид на листопадни и зимзелени дрвја кои се наоѓаат на земјиште во сопственост на РСМ од  2017 до денес од  2017 до денес;

- сите решенија издадени од страна на општина Делчево за сечење на секаков вид на листопадни и зимзелени дрвја кои се наоѓаат на земјиште во сопственост на приватни лица од 2017 до денес;

- сите решенија издадени од страна на општина Делчево за сечење на секаков вид на листопадни и зимзелени дрвја кои се наоѓаат на земјиште во сопственост на општина Делчево за период од  2017 до денес.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 32.седница на Советот на Општина Делчебво, заврши со работа во 9.00 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов